Врз основа на член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни про- изводи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Зако- нот за виното („Службен весник на Република Македо- нија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Маке- донија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15, 39/16 и „Служ- бен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 јули 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/23 и 110/23) во делот I табелата се менува и гласи:

| БРоЈ на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.630.000.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 450.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 500.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското зем- јиште | 500.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопан- ства | 500.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 12.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пче- ница и јачмен од до- машно производство од род 2023 година | 500.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјодел- ска механизација за земјоделски стопан- ства | 300.000.000,00 |
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограниче- ни можности за производство (ПОМ) | 500.000,00 |
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 15.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска под- дршка во земјодел- ството од 2019, 2020, 2021 и 2022 година | 4.028.134.000,00 |
| | Вкупно | 6.437.634.000,00 |

II

Во делот II во табелата подмерката 1.2. се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за употреба на сертифициран семенски мате- ријал за пченица, јачмен, пченка, сончоглед и маслодајна репка, како и за употреба на сертифи- циран или несертифициран семенски материјал за ориз |

III

Во делот III во воведната реченица износот „500.000.000,00“ се заменува со износот „450.000.000,00“.

IV

Во делот VIII во ставот 2 бројот „1.1.“ се заменува со бројот „1.3.“, а зборовите „1 август“ се заменуваат со зборовите „15 јуни“.

V

Во делот XII износот „3.978.134.000,00“ се замену- ва со износот „4.028.134.000,00 “.

VI

Во делот XIV во ставот 4 по зборовите „30 јуни“ се додаваат зборовите „ ‚како и 14 јули“.

VII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6888/3
11јули 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.


СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mkcontact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29, поштенски фах 51.
в.д. Директор и одговорен уредник - Дејанчо Цветановски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2023 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Печатница Напредок ДООеЛ Тетово.

ISSN 0354-1622